Овој проект е финансиран
Од Европската унија

# УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДСТВОТО И ДИСЕМИНАЦИЈАТА НА СТАТИСТИЧКИТЕ ПОДАТОЦИ.

ПРОЕКТ

(ИПДС)

EUROPEAID/139628/DH/SER/MK

2019/404709

# БИЛТЕН НА ПРОЕКТОТ БР. 5-6

## АПРИЛ 2022 год.

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија. БИМ Консалтинг е исклучиво одговорна за нејзината содржина и истата не мора да значи дека ги одразува ставовите на Европската унија.

BIM Consulting

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
State Statistical Office

## ВОВЕД

Овој Билтен, како дел од Планот за комуникација и видливост на проектот ИПДС, има за цел да обезбеди информации за напредокот на проектот, како и други релевантни информации за засегнатите страни во проектот и општата јавност. Ова е двојно издание и го покрива Ковид-периодот април 2021-април 2022 година.

## РЕЗИМЕ НА ПРОЕКТОТ

***Основни податоци за проектот:***

| | |
|---|---|
| Институција корисник: | Државен завод за статистика на Република Северна Македонија |
| Договорен орган: | Делегација на Европска Унија во Република Северна Македонија |
| Конзорциум за спроведување: | БИМ Консалтинг (БГ), Национален статистички институт (БГ) |
| Вредност на договорот (€): | 1 648 500 |
| Датум на почеток: | 18.02.2019 год. |
| Датум на завршеток: | 30.09.2022 год. |
| Вкупно времетраење: | 43 месеци 13 дена/ 3,5 години |
| Веб-страница на проектот: | http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=15 |

***Општа цел на проектот***

Општата цел на проектот е да се подобри квалитетот и достапноста на статистичките податоци и да се унапреди нивното користење при изработка и координација на јавните политики.

***Специфични цели на проектот***

Конкретната цел на проектот е да обезбеди дополнителна поддршка на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија во усогласување со законодавството на ЕУ и надградба на неговата статистичка и ИКТ инфраструктура заради зголемена ефикасност во изработката на статистичките податоци и зголемен квалитет на податоците со цел подобро да се одговори на предизвиците што се јавуваат како резултат на измените во законодавството на ЕУ.

***Компоненти на проектот***

Овој проект е финансиран
Од Европската унија

**Компонента 1: Дополнително усогласување со стандардите на ЕУ на полето на макроекономска статистика** што ќе ја подобри постојната методологија согласно препораките на ЕСА 2010 за квалитетот на податоците во националните сметки, методологијата ЕСА 2010 и податоците доставени до Евростат во рамките на програмата за пренос што ги дефинира сметките и табелите што треба да ги обезбедат сите земји-членки на ЕУ согласно утврдени рокови.

**Компонента 2: Дополнително усогласување со стандардите на ЕУ на полето на *деловна статистика*** има за цел да го подобри квалитетот на Статистичкиот деловен регистар (СДР) и да воведе Туристичка сателитска сметка. Се состои од две пот-компоненти: 2А (Статистички деловен регистар) и 2Б (Туристички сателитски сметки).

**Компонента 3: Дополнително усогласување со стандардите на ЕУ на полето на *социјална статистика*** има за цел да обезбеди гаранција на квалитет во сите фази од Пописот согласно Препораките на КЕС за пописите на население и домаќинства за 2020 година и Регулативата на ЕУ, како и да ја зголеми довербата во резултатите од пописот.

**Компонента 4: Дополнително подобрување на *ИКТ инфраструктура*** има за цел да го преработи статистичкиот ИТ систем согласно стандардите на ЕУ и меѓународните стандарди, и со тоа да ја зајакне ефикасноста и безбедноста на системот, да го забрза и да ги намали трошоците за изработка на податоци, да се подобри точноста и навременоста на податоците како и обработка на анкетите. Оваа компонента е поделена на 3 пот-компоненти (А Ревизија и изработка на функционална спецификација за преработен ИТ систем за изработка на статистички податоци, развој на ИТ систем и оценка на резултатите; Б Развој на ИТ систем за Статистички деловен регистар; В Подготовка на техничка спецификација за договор за набавка заради замена на компјутерска мрежа, центар за податоци и опрема за Центар за опоравување од катастрофи).

***Очекувани резултати (Резултати што треба да се испорачаат со проектот):***

**Компонента 1: Национални сметки**
Подобрени табели за бруто домашен производ (БДП) и Процедури за прекумерен дефицит (ППД) и истите се пренесени на ЕВРОСТАТ согласно правилата на Европскиот систем за национални и регионални сметки (ЕСА 2010).

**Компонента 2А: Статистички деловен регистар**
Дизајниран нов Статистички деловен регистар и подоцна тестиран после операционализацијата во рамките на компонентата 4Б.

**Компонента 2Б: Туристички сателитски сметки**
Воспоставен процес на собирање на Туристички сателитски сметки во Државниот завод за статистика.

**Компонента 3: Социјална статистика**
Извештаи за подготовка, спроведување и обработка на Пописот на населението во Република Северна Македонија.

**Компонента 4А: Преработување на ИТ систем за изработка на статистички податоци**
Преработен ИТ системот за изработка на статистички податоци развиен како софтвер.

**Компонента 4Б: ИТ систем за Статистички деловен регистар**
Изработен нов Статистички деловен регистар како софтвер.

**Компонента 4В: Технички спецификации за хардвер**
Извршена Анализа на потреби и подготвени Технички спецификации за набавка на хардвер согласно друг Договор на ЕУ.

## ПЕТТИ И ШЕСТИ ПЕРИОД АПРИЛ 2021 – АПРИЛ 2022

Во текот на третата година од проектот имаше големи промени и напредок во неговото спроведување.
Главниот јавен настан беше успешниот Попис на населението што се одржа во периодот март-септември 2021 година, чии резултати беа јавно објавени на крајот на март 2022 година. Проектот даде придонес во активностите на Пописот преку Компонентата 3-Социјална статистика, каде словенечкиот неклучен експерт г-дин Данило Доленц му помогна на Државниот завод за статистика на Северна Македонија (ДЗС) во периодот февруари 2021-април 2022 година преку:

- ✓ Методолошка работа на стратегијата за обработка на податоци
- ✓ Методолошка работа за адекватноста и усогласеноста на методите за одредување на резидентното население со меѓународните пописни стандарди и препораки
- ✓ Методолошка поддршка за воспоставување на финални пописни бази на податоци за дистрибуција
- ✓ Известување до ЕУ Делегацијата во Скопје околу главните фази (подготовка, изведување и обработка) од спроведувањето на Пописот на население, домаќинства и станови

Детални податоци од Пописот 2021 може да се најдат на Макстат базата на податоци на веб-страницата www.stat.gov.mk.
Компонента 1 Национални сметки се соочи со големи препреки бидејќи некои од експертите од проектниот тим го напуштија проектот заради нови работни места во ЕВРОСТАТ, ММФ итн. Тие беа заменети со тим од Чешкиот статистички завод кои започнаа со работа во текот на летото 2021 година и помогнаа во надминување на доцнењата во рамките на Компонентата преку завршување на заостанатата Проценка на недостатоците ЕСА 2010 во јануари 2022 година. Исто така, во март 2022 година, 7 експерти од Единицата за национални сметки во рамките на ДЗС беа во студиска посета во времетраење од една седмица во Чешкиот статистички завод во Прага, Чешка Република.
Активностите во рамките на Компонента 2Б Туристички сателитски сметки (ТСС) продолжија според планот и беше направен првиот сет на пилот-табели за ТСС со податоци од 2019 година, што претставува првата година со достапни податоци од сите податочни извори – анкета на гранични премини, анкета на странски туристи во сместувачки објекти, анкета за патување на домашно население и Национални сметки. Побарувачката страна на ТСС

системот (Табели Т1-Т4) има многу добар квалитет на податоци и генерално ги следи меѓународни стандарди во однос на квалитет на податоци. ДЗС може во иднина да го подобри квалитетот на страната на понудата во ТСС табелите (Т5-Т6) во однос на доследноста на податоците на производната сметка, податоците за побарувачката страна во домашниот туризам и соодноси во туризмот. Исто така, 4 вработени од ДЗС беа во студиска посета на Националниот статистички институт во Софија во декември 2021 година.
Во рамките на Компонента 4 продолжи развојот, иако со прекини, на два софтвери што ги побара ДЗС – систем на мета-податоци за статистички анкети и нов Статистички деловен регистар.

**Табела за преглед на статусот на проектните компоненти на ИПДС**

| Компонента/пот-компонента | Статус |
|---|---|
| Компонента 1 Национални сметки | Во тек |
| Компонента 2А Статистики деловен регистар | Во тек |
| Компонента 2Б Туристички сателитски сметки | Во тек |
| Компонента 3 Социјална статистика | Завршена |
| Компонента 4А Преработен ИТ систем | Во тек |
| Компонента 4Б ИТ систем за СДР | Во тек |
| Компонента 4В Технички спецификации | Завршена |

## СТУДИСКА ПОСЕТА НА НАЦИОНАЛНИОТ СТАТИСТИЧКИ ИНСТИТУТ ВО СОФИЈА, БУГАРИЈА ДЕКЕМВРИ 2021 год.

Главната тема на студиската посета беше претставување на бугарското искуство на полето на Туристички сателитски сметки (ТСС), начинот на изработка на ТСС и соработката помеѓу Туристичката статистика и Националните сметки. Четири вработени од Државниот завод за статистика на Северна Македонија го посетија Националниот статистички институт на Бугарија во текот на една седмица во декември 2021 година.
Друга тема на студиската посета беше дискусија за некои методолошки појаснувања од гледна точка на националните сметки во однос на ТСС.
Предвидените теми на дневниот ред беа усогласени со учесниците и подготвени во форма на презентации и практични примери.
Беше претставена компилација на ТСС табели 1-4 и ТСС табела 10. Беа претставени изворите на информации, проценките и прилагодувањата на ТСС табелите 1-4 за Бугарија и истите беа предмет на дискусија.
Беше разгледан образецот за доброволен пренос на податоци до Евростат. Експертите од корисниците искажаа подготвеност доброволно да обезбедат податоци за верификација до Евростат за ТСС табелите од 2019 година, што беа изработени во текот на проектот.
Во текот на последниот дел од студиската посета и финалниот состанок беа дискутирани некои проблеми поврзани со изработката на анкети на полето на туризмот во Северна Македонија.

Овој проект е финансиран
Од Европската унија



СТУДИСКА ПОСЕТА НА ЧЕШКИОТ СТАТИСТИЧКИ ЗАВОД ВО ПРАГА МАРТ 2022 год.

Целта на студиската посета беше вработените во ДЗС да научат повеќе за методолошките и практичните прашања поврзани со составувањето на Годишни секторски сметки, Квартални секторски сметки, Статистика за прекумерен дефицит (EDP) и Финансиски статистички податоци на владата од гледна точка на Чешкиот статистички завод.
Студиската посета почна на 7ми март 2022 година со презентации на Годишните секторски сметки од страна на г-дин Витежлав Ондруш и г-дин Павел Михл (раководител на единицата за секторски сметки во ЧСЗ), со поддршка од г-дин Владимир Кермиет (раководител на одделението за национални сметки во ЧСЗ). Темите што беа презентирани и дискутирани се однесуваа на користени извори на податоци, применети принципи и методи, политика на ревизија, соработка со други институции, годишни секторски сметки на не-финансиски корпорации, финансиски институции, домаќинства и непрофитни институции што им служат на домаќинства.
Студиската посета продолжи на 8ми март 2022 година со утрински презентации од страна на г-дин Карел Сафр (одделение за национални сметки во ЧСЗ) за сезонско и календарско прилагодување на Кварталните национални сметки во Чешка Република, г-а Јана Мазанкова (одделение за национални сметки во ЧСЗ) за извори на податоци за квартален БДП и Распоред за објавување во ЧСЗ. Во попладневните часови, г-дин Јакуб Винценц го презентираше Доход од инвестиции исплатен на акционери во инвестициски фондови, како и Маржите во чешките национални сметки, како и г-а Хелена Хужвичкова која го претстави Методот за пресметување на услугите за финансиско посредување индиректно мерени.

Овој проект е финансиран
Од Европската унија

Во текот на претпладнето од следниот ден (9ти март 2022 год), г-дин Павел Михл (раководител на единицата за секторски сметки во ЧСЗ) го претстави пристапот на БДП што произлегува од доходот во чешките национални сметки, како и концептот на вработување во националните сметки. Во попладневните часови, г-дин Петр Мусил и г-дин Јарослав Кахун ја претставија Компилацијата на владини сметки во ЧСЗ.
Утрото на 10ти март 2022 година (четврток), г-дин Јарослав Сикста ги претстави кварталните сметки изразени во количински изрази на Чешката Република, додека во попладневните часови г-дин Павел Михл, г-дин Петр Мусил и г-дин Јарослав Збранек ја претставија шемата за пресметка на мали алатки и секторските сметки од С.11 Не-финансиски институции.
Во текот на последниот ден на 11ти март 2022 година (петок), г-дин Витежслав Ондруш, г-дин Јарослав Сикста и г-дин Петр Мусил одржаа утринска сесија околу конзистентен пристап при составување на национални сметки и врските меѓу различни полиња на национални сметки. Потоа се одржа завршна сесија со сите учесници како резиме на презентациите и дискусиите.



НАСТАН ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ПОПИСОТ   МАРТ 2022 год.

Г-дин Данило Доленц, неклучен експерт за Пописот во рамките на ИПДС проектот, активно учествуваше на настанот одржан во Скопје на 30ти март 2022 година кога беа објавени резултатите од Пописот на население, домаќинства и станови. Тој имаше презентација во текот на настанот и исто така придонесе со финален извештај за Пописот како и со Детален извештај на англиски јазик за секоја фаза од Пописот.
Главниот заклучок на презентацијата и извештаите е дека Пописот на население, домаќинства и станови во Република Северна Македонија 2021 беше во целост изведен согласно меѓународните стандарди. Резултатите од Пописот се веродостојни, важечки и корисни при планирањето на економските и социјалните политики, што претставува клучна цел на пописите низ целиот свет.

Два главни меѓународни методолошки документи беа земени во предвид и скоро целосно спроведени:

а. Спроведувачка регулатива на комисијата (ЕУ) 2017/543 од 22 март 2017 година за утврдување на правилата за примена на Регулативата (ЕЗ) 763/2008 на Европскиот парламент и на Советот за попис на населението и домувањето во однос на техничките спецификации за карактеристиките и нивната дискриминација; и

б. Препораки на Конференцијата на европски статистичари за пописите на население и домување во 2020 година, Обединети нации, Њујорк и Женева, 2015 год.

Електронското само-попишување на граѓаните на Северна Македонија кои живеат во странство беше новина и може да се смета како одлично решение за националните околности.

Вкупниот трошок за Пописот (8,5 милиони евра, од кои 3 милиони евра за лаптопи за теренска работа што сега се користат за образовни цели и од страна на јавната администрација) ја става Северна Македонија во редот на земјите со најмал трошок по глава на жител (4.1 евра).




## Спроведување на проектот во време на ковид

Во текот на втората година од глобалната ковид епидемија и третата година од спроведувањето на проектот, секојдневните активности полека фатија нормален ритам и околу 90% од работните денови од проектот се спроведуваа во ДЗС во Скопје и преку продолжување на студиските посети во странство. Секако, епидемијата продолжи да влијае врз спроведувањето на проектот на директен начин (болни експерти и вработени кај корисникот, односно недостапни за работа) и индиректно (поради изречените рестрикции за голем број на настани во рамките на проектот, како што се работилници и семинари, што не се одржаа или се одржуваа онлајн или во ДЗС наместо надвор од ДЗС; исто така, бројот на

луѓе што патуваа на студиските посети беше намален поради рестрикциите при патувања). Немаше голем број на заразени во ДЗС и проектниот тим и покрај мисиите и пописниот период.

## ПЛАН НА АКТИВНОСТИ ЗА ФИНАЛНИОТ ПЕРИОД

Проектот официјално ќе заврши на 30ти септември 2022 година, но најголем дел од проектните компоненти ќе бидат финализирани порано – до крајот на јуни 2022 година.

Компонента 1 Национални сметки – последните мисии на проектните експерти во ДЗС во Скопје ќе се случат во мај 2022 година, додека финалниот производ – Конечен извештај за компонентата и препораки за во иднина – ќе биде доставен до корисникот во јуни 2022 година.

Компонента 2Б Туристички сателитски сметки исто така ќе ја има последната мисија во мај-јуни 2022 година, во текот на која ќе се дискутираат последните резултати што треба да се испорачаат – **Прирачник за конечната постапка** со објаснувања за Туристички сателитски сметки во Република Северна Македонија и **Патоказ** со објаснувања за идните Туристичките сателитски сметки во Република Северна Македонија.

Новиот Статистички деловен регистар се финализира и во моментот се тестира од страна на проектниот тим и релевантните експерти од ДЗС. Ќе бидат одржани обуки со релевантни корисници на ДЗС.

Продолжува работата на модулите на ИТ системот за изработка на статистички податоци.

Овој проект е финансиран
Од Европската унија

## КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОЕКТОТ

| Група | Име | Функција | Контакт |
|---|---|---|---|
| **Делегација на Европската унија во Република Северна Македонија**<br><br>Договорен Орган<br><br>Св. Кирил и Методиј, бр. 52 б, 1000, Скопје | | | Тел: +389 2 32 48 500<br>Факс: (+389) 2 3248 501<br>E: delegation-north-macedonia@eeas.europa.eu |
| **Државен завод за статистика на Република Северна Македонија**<br><br>Корисник<br><br>Даме Груев бр.4, Скопје | Г-дин Апостол Симовски | Лидер на проектот од ДЗС | Тел: +389 2 3295 666<br>E: apostol.simovski@stat.gov.mk |
| | Г-а Снежана Георгиевска | Лидер на Компонента 1 | Тел: 075-402-325<br>E:snezana.georgievska@stat.gov.mk |
| | Г-а Виолета Крстева | Лидер на Компонента 2 | Тел: 075-402-326<br>E:violeta.krsteva@stat.gov.mk |
| | Г-а Дијана Крстевска | Лидер на Компонента 3 | Тел: 070-364-125<br>E: dijana.krstevska@stat.gov.mk |
| | Г-а Валентина Скандева | Лидер на Компонента 4 | Тел: 075-402-333<br>E:valentina.skandeva@stat.gov.mk |
| | Г-а Татјана Митевска | Координатор на проектот од ДЗС | Тел: 075-402-328<br>E:tatjana.mitevska@stat.gov.mk |
| **Проектен тим**<br><br>БИМ Консалтинг и НСИ Бугарија<br><br>Проектна канцеларија: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, кат 1, соба 34 | Г-дин Иван Давидов | Директор на проектот | E: i.davidov@bim-bg.com |
| | Г-дин Димитар Бојков | Раководител на проектот | Тел: + 359 889 419 401<br>E: d.boykov@bim-bg.com |
| | Г-дин Милен Колев | Клучен експерт 1 | E:mkolev@nsi.bg |
| | Г-дин Анастас Тројански | Лидер на тимот / клучен експерт 2 | Тел: +359 885 704 274<br>E: a.troyanski@bim-bg.com |
| | Г-дин Георги Станев | Клучен експерт 3 | Тел: + 359 88 260 0024<br>E:g.stanev@bim-bg.com |
| | Г-а Елена Славкоска | Асистент во локалната канцеларија | Тел: +389 75 44 13 12<br>E: e.slavakoska@bim-bg.com |